# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ

# ЗА ПЕРИОДОТ

# ЈАНУАРИ 2011 – ДЕКЕМВРИ 2011

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ**
**И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РМ**

## СОДРЖИНА

I. КОМПОНЕНТА I:
МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ ……………………………………………………………..4

II. КОМПОНЕНТА II:
ДИРЕКТНИ УСЛУГИ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ ……………………....................…..10

III. КОМПОНЕНТА III:
ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИ........................................................................................................ 13

IV. КОМПОНЕНТА IV:
АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО НАСОКА НА РАЗВИВАЊЕ НА ФИЛАНТРОПИЈА …………………………………………………………………………..…19

V.
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2011 ГОДИНА...........................................................................23

## I. Прва програмска компонента: Мониторинг и анализа на буџети

Воведувањето на нови пристапи, односно постигнувањето на подобри и поквалитетни резултати во работењето е одлика на ЕСЕ. За оваа цел во 2011 година ЕСЕ започна со интегрирање на концептот на мониторинг и анализа на буџети. Планирано е негово интегрирање на сите полиња на кои ЕСЕ работи. За почеток овој концепт беше применет во две области на работењето на ЕСЕ, односно на полето на здравствена заштита и заштита од семејно насилство и тоа преку активностите за мониторинг и анализа на буџети во насока усвојување на подгветените акциски планови за унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје и унапредување на заштитата од семејно насилство на жените во општините Кочани и Тетово и активностите за мониторинг и анализа на спроведувањето на активностите и буџетот на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца.

### 1. Активности за мониторинг и анализа на буџетите на локално ниво (општина Кочани и општина Тетово)

1.1. Идентификување на лицата за застапување
Со цел заокружување на активностите спроведени во општините Тетово и Кочани во 2010 година, односно подготовката на локалните акциски планови за унапредување на сексуално и репродуктивно здравје и унапредување на заштитата од семејно насилство, во 2011 година беа спроведени активности за усвојување на истите од страна на локалните власти (самоуправи).

На почетокот на 2011 година за остварување на оваа цел беа одржани 5 работно - консултативни средби (во Тетово и Кочани) со лицата кои учествуваа во подготовка на локалните акциски планови. На средбите присуствуваа претставници на релевантните тела/органи кои функционираат во општината, задолжени за подготвока, планирање, усвојување и спроведување на активностите позврзани со споемнатите теми од интерес. Оние лица кои не учествуваа во процесот на подготвока на локалните акциски планови беа информирани за текот и активностите спроведени во 2010 година. Исто така им беше презентирана содржината на подготвените акциски планови. На средбите беа дефинирани активностите кои треба да се преземат во насока на усвојување на подготвените планови, а исто така беа идентификувани лицата кои би можеле да помогнат во процесот на застапување за вклучување на акциските планови во општинските програми и буџети. Средбите, исто така, имаа за цел поблиска координација помеѓу претставниците на локалните власти и претставниците на ЕСЕ во насока на утврдување, интензивирање и усогласување на динамиката на активности во процесот на планирање и подготовка на локалните буџети.

Покрај одржаните средби, претставници на ЕСЕ беа во постојана комуникација со претставниците од локалната сампуправа во двете општини, одговорни за споемнатите сфери од интерес.

### 1.2. Мониторинг и анализа на буџетите на локално ниво

Мониторингот и анализата на буџетите во општините Кочани и Тетово се спроведоа со цел утврдување на начинот на кој општините ги планираат своите средства и висината на буџетите низ годините, односно утврдување на текот на зголемување, намалување или осцилации во износите на средствата кои се предвидуваат во делот на социјална заштита на населението во двете општини.

Активностите на Програмата за работа за 2011 година на ЕСЕ за анализа на буџетите на локално ниво имаа за цел да се утврди од кои извори можат да се пренаменат средства кои се потребни за реализација на локалните акциони планови за унапредување на репродуктивното здравје и за заштита од семејно насилство во двете општини. Во таа насока беа спроведени низа подактивности и тоа: анализа на релевантни извештаи и документи на локално и национално ниво и анализа на прибрани податоци од доставени барања за информации од јавен карактер (доставени 22 барања во првата половина од 2011 година кои содржеа вкупно 74 прашања и беа упатени до 10 релевантни институции на национално и локално ниво). Анализата на буџети беше заснована и на конкретни информации обезбедени од одговорните лица во двете општини. Помеѓу одговорните лица задолжени за усвојување и спроведување на подготвените планови постоеше отворен интерес и желба за соработка предизвикана од реалните потреби и состојби на локалното население на полето на унапредување на сексуланото и репродуктивно здравје и заштита од семејно насилство.

Податоците кои беа прибрани претставуваа појдовна база врз основа на која ЕСЕ направи квалитативна и квантитативна анализа. Недостатокот на одредени податоци беше дополнет со податоци обезбедени од лични контакти и дополнителни барања за информации од јавен карактер (три барања до три институции кои содржеа 30 прашања). Со ова ЕСЕ изврши комплетирање на базата на релевантни и корисни податоци и направи финална квалитативна и квантитативна анализа на податоците која ја искористи како основа за застапување во усвојување на локланите акциски планови. Подготвената анализа е за интерни потреби на ЕСЕ и истата не е публикувана.

Согласно на планираното, ЕСЕ го следеше процесот на усвојување на локалните акциски планови за сексуално и репродуктивно здравје и локалните акциски планови за заштита од семејно насилство во двете општини. Како резултат на процесот на застапување Советот на општина Кочани на седницата одржана на ден 09.12.2011 година усвои:

- **Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2012**,

**- Локален акциски план за заштита семејно насилство** и

**- Локален акциски план за сексуално и репродуктивно здравје .**

Спроведените активности во рамки на оваа програмска компонента ни дава можност за следење на состојбите по усвојување на акциските планови во двете општини, односно следење на спроведувањето на предвидените активности и буџетски алокации.

**2. Активности за градење на капацитетите на ЕСЕ во насока на интегрирање на концептот-мониторинг и анализа на буџети**

**<u>2.1. Воведување на нова работна позиција – координатор на програмата</u>**

На почетокот од оваа програмска година беа спроведени активност за огласување и слекција на кандидати за работната позиција - Координатор на програма за мониторинг и анализа на буџети. По спроведените тестирања и интервјуа согласно зададените критериуми беше вработен Координатор на програм за мониторинг и анализа на буџети. Вработениот економист ќе учествува во спроведување на активностите и интегрирање на оваа компонента во сите области на работење на ЕСЕ.

**<u>2.2 Стратешко планирање</u>**

Во месец мај, 2011 година во соработка со Фондациите отвотено општество, Њујорк беше спроведена работилница за стратешко планирање во однос на програмската компонента за

мониторинг и анализа на буџети. На оваа средба беа дефинирани клучните активности за 2011 година, особено активностите насочени за мониторинг и анализа на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца. При тоа беше договорена соработка со четири локални ромски граѓански организации кои ќе се вклучат во процесот на мониторинг на спроведување на оваа програма на локално ниво.

Активностите кои беа планирани на стратешкото планирање и беа спроведени до крајот на 2011 година се детално опишани во следната точка (точка бр. 3)

***3. Активности за мониторинг на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2011 година на национално и локално ниво***

Активностите за мониторинг на спроведувањето на мерките и активностите предвидени во рамките на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата се продолжение на активностите кои ЕСЕ од 2008 година ги спроведува во рамки на проектот „Еднаков пристап до здравствената заштита“ како партнерска организација во имплементацијата на проектот. Главна цел на овој проект беше подобрување на покриеноста на децата Роми со вакцинација преку процес на следење на буџетот на програмата и застапување за усвојување на активности кои ќе ја унапредат покриеноста со вакцинација помеѓу децата Роми, пропратени со соодветна буџетска алокација. Работата на овие програмски активности, едукациите и соработката со експерти од оваа област, му овозможи на персоналот на ЕСЕ да се стекне со значително знаење и искуство во процесот на следење на здравствените буџети и во активностите за застапување базирани на истото. Ова е нов концепт во Македонија и претставува многу корисен инструмент во процесот на застапување за пристап до здравствената заштита, особено за маргинализираните групи, како што е ромското население. Научените лекции од овој проект укажаа на можноста овој концепт да се имплементира во Македонија како инструмент.

Во 2011 година беа преземени низа активности, за мониторинг на имплементацијата на активностите од Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и буџетските трошоци поврзани со истите. Во оваа програмска компонента исто така учествуваат идентификуваните ромски граѓански организации кои ќе учествуваат во мониторинг на локално ниво. Со цел да се воспостави воедначена методологија за мониторингот на спроведувањето на активностите и мониторингот на буџетот на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, беа одржани 2 (два) координативни состанока со селектираните четири локални ромски граѓански организации.

Во рамките на овие активности ЕСЕ продолжи да работи на мониторингот на имплементацијата на активностите насочени кон ромската заедница во склоп на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2011 година, надополнети со активности за застапување насочени кон Министерството за здравство. Сите активности беа насочени кон застапување за усвојување на дополнителни неопходни активности насочени кон ромската заедница и нивно вметнување во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2012 година. Исто така ЕСЕ продолжи со координацијата и техничката помош на ромските граѓански организации кои работат на полето на мониторинг во заедницата по однос на Програмата.

Во однос на мониторингот на имплементацијата на Програмата на национално ниво ЕСЕ подготови и поднесе барања според законот за пристап до информации од јавен карактер. Барањата се однесуваа на мониторинг на спроведувањето на активностите од Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата наменети за ромските средини, како и

мониторинг на трошењето на буџетот наменет за овие активности, за првата половина на 2011 година на национално ниво. Барањата беа поднесени до Министерството за здравство.

По однос на барањата за информации од јавен карактер кои ЕСЕ ги испрати до Министерството за здравство, беа добиени податоци во однос на имплементацијата на активностите од Програмата и буџетските трошоци за истите во првата половина на 2011 година. Истите податоци беа обработени од наша страна и беше подготвен извештај во кој се содржат заклучоци по однос на имплементацијата на активностите од Програмата, буџетските импликации, како и препораки за подобрување на состојбата по однос на мониторингот и имплементацијата на активностите.

Во склоп на активностите за застапување ЕСЕ подготви документ за застапување (Policy brief), базиран на претходно подготвената анализа од обработените податоци, со вклучување на предлози за унапредување на имплементацијата и следењето на програмата. Во предлозите особен акцент беше ставен на имплементацијата на активностите во ромските средини, како и предлози за вклучување на соодветни активности насочени кон ромските средини со соодветна буџетска алокација во Програмата за 2012 година. Потоа беа остварени два состанока со претставници од Заводот за здравствена заштита на мајките и децата. На состаноците беше презентирана потребата од усвојување на активностите насочени кон ромската заедница во Програмата за 2012 година, во ист обем и со иста буџетска алокација како и во Програмата за 2011 година. Потоа беа остварени и контакти со релевантни претставници од Министертсвото за здравство со цел да им се претстави анализата и да се нагласи потребата од усвојување на активностите насочени кон ромската заедница во Програмата за 2012 година

Документот за застапување, вклучувајќи ја анализата на мониторингот на имплементацијата на Програмата за 2011 година, со заклучоците и препораките беше доставен до претставници на Министерството за здравство, вклучувајќи ги Министерот за здравство, Раководителот на секторот за превентивна здравствена заштита и до лицето одговорно за подготовка и имплементација на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата.

Во однос на техничката помош и координацијата на ромските граѓански организации при спроведувањето на мониторингот во заедницата, во периодот на известување беа спроведени низа на активности. Во текот на 2011 година се одржа одржа обука на тема Мониторинг во заедницата, организиран од страна на Фондацијата отворено општество. На семинарот учество земаа претставници од ЕСЕ, како и претставници од четирите партнерски ромски граѓански организации. Семинарот се состоеше од едукативен и работен дел. На едукативниот дел беа претставени методите, техниките и алатките за изведување на мониторинг во заедницата, вклучувајќи ја мобилизацијата на заедницата и спроведување на истражување во заедницата. На работниот дел претставниците на граѓанските организации работеа конкретно на своите проекти, при што се започна со основите за креирање на алатките за мониторингот во заедницата, како и со подготовка на теоријата на промена, односно чекорите кои ќе водат до посакуваната промена во однос на имунизацијата на децата Роми во заедниците каде што работат ромските граѓански организации.

Активностите кои имаат за цел собирање на информации за спроведување на активностите насочени кон ромски средини за зголемен опфат на деца роми со вакцинација од Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во 2011 година на локално ниво, преку мониторингот на заедницата се состоеа од следното:

- Воспоставување на соработка со 4 (четири) ромски граѓански организации кои го спроведуваат мониторингот на локално ниво: КХАМ – Делчево, ЦДРИМ – Шуто

Оризари, Скопје, ЛИЛ – Скопје, Рома СОС – Прилеп. Четирите ромски граѓански организации ќе имаат улога во спроведување на мониторинг на имплементација на активностите насочени кон ромските средини од Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, преку методологијата насловена – Мониторинг на заедницата. Во овој процес ЕСЕ има улога на техничка поддршка и координација на процесот.

- Учество на обука со цел зајакнување на капацитетите на ЕСЕ и на четирите партнерски ромски граѓански организации за работа на полето на мониторинг во заедницата.

- Подготовка на методологија за работа на полето на мониторинг на заедницата со техничка поддршка од страна на Фондацијата Отворено Општество. Методологијата за мониторинг во заедницата се состои од три главни компоненти: Мобилизација на заедницата, Истражување во заедницата и застапување.

- Подготовка на алатките за истражување во заедницата во склоп на процесот на мониторинг на заедницата. ЕСЕ го координираше процесот на подготовка на алатките за истражување, кои беа подготвени заедно со четирите партнерски ромски граѓански организации. Понатамошната финализација на алатките се одвиваше во соработка со консултантите од Фондацијата Отворено општество. За оваа цел беа подготвени одделни прашалници за: интервју со родители Роми, дискусија во фокус група со родители Роми, излезно интервју, интервјуа со здравствени работници од Здравствените домови.

- подготовка и поднесување на барања според законот за пристап до информации од јавен карактер за имплементација на активностите од Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, насочени кон ромските средини на локално ниво. Овие барања партнерските ромски граѓански организации ги доставија до Здравствените домови и Поликлиниките во општините во кои што работат.

- Поддршка и координација на партнерските ромски граѓански организации при спроведување на активностите за мобилизација и зајакнување на заедницата.

**Позначајни постигнувања:**

- Идентификувани лица за застапување во насока на имплементација на двата локални акциски планови за унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје и унапредување на заштитата од семејно насилство во буџетот на општините Тетово и Кочани и издвојување на соодветни буџетски алокации,

- Спроведена квалитативна и квантитативна анализа на буџети на локално и национално ниво на институции од интерес,

- Усвоени локални акциски планови во општина Кочани и алоцирани соодветни буџетски средства за нивна имплементација,

- Создадена мрежа на ромски организации кои учествуваат во процесот на мониторинг на заедницата и локалните буџети за спроведување на активностите за имунизација на децата роми,

- Развиена и применета заедничка методологија и активности за мониторинг на заедницата,

- Подготвен извештај по однос на мониторингот на имплементацијата на активностите и буџетските трошоци од Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца, со посебен акцент на активностите насочени кон ромските средини за периодот Јануари – Јуни 2011 година.

- Подготвен документ за застапување (Policy brief) базиран на наодите од мониторингот на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, со препораки за унапредување на имплементација на програмските активности и со препораки за вклучување на активности насочени кон ромските средини и во Програмата за 2012 година со соодветна буџетска алокација за истите. Документот за застапување поднесен до Министерството за здравство.

- Во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2012 година вклучени се одредени активности насочени кон ромските средини со соодветна буџетска алокација за истите.

## II. Втора програмска компонента: Директни услуги за ранливите категории на жени

### *1.Здравствен информативен центар*

1.1. Работа на здравствениот информативен центар и 1.2. Обезбедување на витамински препарати за превенција на остеопороза и контрацепциони средства на жените кои имаат потреба од истите

Здравствениот информативен центар од неговото формирање до денес ги извршува своите редовни активности и обезбедува: здравствени информации и совети за своите клиенти (постојани и нови), промоција на своето работење, бесплатни тестови и консултации за специфични заболувања во кои спаѓаат остеопорозата, сексуално преносливи болести и во секој момент одговара на тековите потреби на своите клиенти, бесплатни суплементи како додатоци во исхрана за превенција но појава на остеопороза и постојани активности за подигнување на јавната свест кај жените, вклучувајќи ја и машката популација.

Во текот на 2011 година Здравствено информативниот центар објави три јавни повика во еден од неделните магазини, преку кои го промовираше своето рабоење и им ги претстави основните услуги кои ги нуди на своите потенцијални клиенти. Вкупно 90 жени го посетија здравствениот центар на ЕСЕ , а на 70 постојани клиенти т.е. клиенти кои редовно го посетуваат овој центар им беа обезбедени бесплатни препарати за превенција од остеопороза богати со калциум и витамин Д. Покрај овие услуги на неколку клиенти од социјално загрозени семејства со специфицни заболувања им беше обезбедена финансика помош цел обезбедување на медицински препарати и лекови.

1.3. Подигнување на јавната свесност и промоција на здравјето за специфични прашања поврзани со здравјето на жените

Како дел од редовната пракса на Здружението ЕСЕ е организирање на настани за подигнување на свесноста на нселението за посоење, превенција, третман и лекување на одредени специфични заболувања.

Традиционално секоја година по повод Светскиот ден на остеопорозата ЕСЕ спроведува кампања и активности за промовирање на информации за ова заболување и во рамките на овие активности организира бесплатни бондензитометриски прегледи, препарати и едукации за одреден број на жени од Македонија. Во 2011 година ЕСЕ заедно со своите долгогодишни партнери Кенди фарма дооел и Прва приватна општа болниза Ремедика организираа кампања за борба против остеопорозата насловена како “ Не дозволувајте Вашите коски да196 стареат побргу од Вас! Кажи стоп на остеопорозата СЕГА!”. Во рамки на оваа кампања ЕСЕ и патнерите обезбедија бесплатни бондезитометриски прегледи за 50 жени од цела Македонија, едукација на 20 жени и час по латино танц за присутните на едукацијата со цел промовирање на активен и витален живот кај повозрасните.

Со бесплатните прегледи беа опфатени жени со ниски примања или без примања т.е. жени од социјално загрозени семејства, жени кои влегуваат во ризична категорија за појава и развој на ова заболување и жени кои веќе боледуваат од ова заболување, а влегуваат во претходните две категории.

Активностите спроведени во рамки на кампањата беа медиумски пренесувани со поддршка од Телевизијата 24 Вести, која го емитуваше рекламниот спот за повикување на жените да се пријавуваат за бесплатните прегледи во тек на една недела пред главните дневници,

медиумски ја пренесуваше прес конференцијата и едукативниот настан, а исто така организираше информативно – едукативна емисија наменета за ова прашање. Партнер во спроведување на оваа кампања беше и танцовиот клуб Ритам Плус.

## *2. Центар за правна помош за жени жртви на семејно насилство*

2.1. Работење на Центарот за правна помош

Имено, во овој период во ЦПП се обратиле вкупно 157 нови клиенти, а одржани се вкупно 371 средба врз основа на претходно закажан термин. Во однос на видот на обезбедената помош најголем дел од клиентите се обратиле за правен совет за развод на брак, и тоа вкупно 100; за правен совет во однос на старателство и издршка на деца 125 клиенти; прашања поврзани со имотно правни односи вкупно 45 клиенти; 8 барања за кривични предмети; осум предмети за наследување и за договори; еден предмет за посвојување; како и осум предмети надвор од доменот на работа на центарот.

Во овој период иницирани се седум судски постапки, од кои четири се однесуваат на иницирање на постапка за развод на брак; еден случај за реализирање на право на алиментација и во два случаи од ЕСЕ е побарано застапување во кривична постапка за сторено семејно насилство врз основа на кривична пријава покрената од Основно јавно обвинителство.

Со цел запознавање на јавноста со работењето и услугите кои ги нуди Центарот за правна помош и Психолошкото советувалиште, во месец март беше подготвена и објавена информација во неделникот „Теа Модерна ".

Воедно, по барање на странките, а преку Центарот за правна помош во неколку наврати упативме и писмено барање до Центарот за социјални работи од Скопје и до Министерството за труд и социјална работа со цел информирање и ревидирање на постапувањето на надлежните институции во однос на: регулирање на видувањата на родителите со децата, посредување во семејни односи, проценка на ризик од семејно насилство, остварување на право на парична помош на социјално загрозено лице, привремено старателство врз деца додека постапката за развод е во тек; ревидирање и промена на мислење околу доделувањето на старателсво врз децата; промена на стручниот тим од ЦСР кој е задолжен за случајот на странката, како и во еден случај беше испратено барање до ПС Бит Пазар за да се добие информација што било превземено од нивна страна во случај на повеќекратно пријавување на семејно насилство.

На барање на две клиентки кои и по разводот на бракот се уште биле вознемирувани и малтретирани од страна на поранешниот сопруг, им беа подготвени барања за Привремени мерки за заштита од семејно насилство.

Во овој период на известување, со цел размена на искуства, како и координирање на упатувањето на различните категории на странки на кои им е потребна бесплатна правна помош, ЦПП реализираше средба и контакти со здруженија на граѓани кои се регистрирани и обезбедуваат бесплатна правна помош согласно на Законот за бесплатна правна помош.

## *3. Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство*

3.1. Работење на психолошкото советувалиште

Во периодот опфатен со извештајот во советувалиштето побарале помош 40 нови клиенти, од кои 38 лица од женски пол и две лица од машки пол. Најголемиот дел од клиентите се од

македонска националност, само 3 од вкупните се од други националнпсти од Македонија односно од турска, албанкска и српска националност. Во советувалиштето продолжена е работата и со осум порано регистрирани клиентки. Во овој период реализирани се 67 индивидуални средби низ кои на клиентите им е понудена соодветна психолошка помош. Од ново пријавените клиенти 11 се на возраст до 30 год.; 18 се на возраст од 30 до 50 год. и 11 на возраст од над 50 год. Во поглед на образовната структура, најголемиот број од клиентите 27 со средно образование, седум се со основно, четири со високо, еден без образование и еден студент. 18 клиенти се вработени, 19 од нив се невработени, а пак 3 се пензионери. Според брачниот статус: 14 од нив се во постапка на развод; 13 се во брак; 12 разведени; двајца живеат со партнерите во вонбрачна заедница; една вдовица и една без партнер.

**Позначајни постигнувања:**

***Здравствено информативниот центар***

- 90 клиенти ги користеа услугите на Здравствениот информативен центар;

- Здравствено информативниот центар обезбеди постојан фонд на витамински препарати, суплементи и додатоци во исхраната за 70 постојани клиенти,

- Обезбедени и спроведени 50 бесплатни бондензитометриски прегледи,

- Спроведена едукација на 20 жени на тема појава, превенција и третман на остеопороза.

***Центар за правна помош***

- 157 клиенти ги користеа услугите на Центарот за правна помош;

- Остварени 371 средба со клиентите на Центарот за правна помош;

- седум судски постапки иницирани во рамки на Центарот за правна помош.

***Психолошка советувалиште за жени жртви на семејно насилство***

- 40 клиенти ги користеа услугите на Психолошкото советувалиште (32 нови и осум претходно регистрирани клиенти) при што беа остварени 67 индивидуални психолошки советувања.

## III. Трета програмска компонента: Параправна помош и олеснување на пристапот до системот за заштита на правото на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на правата на пациенти

Активностите во рамките на оваа програмска компонента се спроведуваат во општина Шуто Оризари и Делчево, во соработка со две партнерски Ромски организации.

Партнери на ЕСЕ во спроведување на планираните програмски активности се Центар за демократски развој и иницијатива – ЦДРИМ и Хуманитарното и добротворно здружение на Роми „КХАМ“ од Делчево.

***1. Воспоставување на параправна (paralegal) програма во заедницата***

1.1. Проценка на потребите
Во согласност со планираните од исклучително значење за воспоставување на параправната помош е утврдувањето на предметот на обезбедување на овој вид на помош. Оттаму, во 2011 година ЕСЕ ја утврди методологијата на спроведување на проценката, подготви прашалник, спроведе инструктажа за анкетарите и се спроведе планираната анкета.

Анкетното истражување спроведено во периодот февруари – април, 2011 опфати 180 семејства т.е. 120 во општина Шуто Оризари и 60 во општина Делчево. Анкетното истражување беше спроведено од три лица – интервјуери (двајца од Шуто Оризари и еден од Делчево). Истражувањето имаше за цел да се утврди состојбата во однос на почитувањето, односно спроведувањето на поединечни права на пациенти. Врз основа на прибраните податоци во периодот мај – август 2011 година се спроведе процес на внесување, обработка и анализа на прибраните податоци. Како резултат на презвемените активности беше подготвена анализа која дава преглед на степенот на спроведување на правата на пациенти во двете општини.

Подговениот извештај врз основа на анкетното истражување се состои од:

- Кус осврт по однос на степенот на спроведување на правата на пациенти во општините Шуто Оризари и Делчево,

- Општи податоци за анкетираните лица, и

- Состојба по однос на спроведување на поодделните права на пациенти меѓу ромската популација во општина Шуто Оризари и Делчево, и тоа:

- Право на превентивни мерки
- Право на пристап
- Право на информираност
- Право на согласност
- Право на слободен избор
- Право на приватност и доверливост
- Право на почитување на времето на пациентот
- Право на почитување на стандардите за квалитет

- Право на безбедност
- Право на иновација
- Право на избегнување непотребно страдање и болка
- Право на персонализирано лекување
- Право на жалба
- Право на надомест
- Право на второ стручно мислење- конзилијарно мислење
- Право на одржување на контакти

1.2. Ангажирање на основна група на лица за обезбедување на параправна помош

Во 2011 година, согласно на планираното беа идентификувани лицата за обезбедување на параправна помош. Овие лица беа идентификувани од страна на ромските партнерски организации. За избор на лица за обезбедување на пара-правна помош се применија однапред утврдени нацрт критериуми за селекција: средно образование, потекло од заедниците кои се вклучени во спроведување на програмските активности и можно претходно работно искуство во обезбедување на услуги на локалното население. Во општината Шуто Оризари беа идентификувани шест лица, а во Делчево четири. Од нив беа селектирани четири лица во Шуто Оризари и две лица во Делчево.

1.3. Обуки на лица за обезбедување на пара правна помош

Во овој период беше организирана почетната/иницијална обука за потенцијалната/пошироката група на лица кои ќе обезбедуваат параправна помош. Обуката се одржа во временскиот период 01-03 јули, 2011 година во хотел Бистра, Маврово.Покрај групата на параправници на обуката присуствуваа и координаторите кои се одговорни за спроведување на проектните активности во двете партнерски ромски организации, обучувачите и лица од други партнерски организации со кои ЕСЕ работи на полето на здравствена заштита и права на пациенти. Оваа обука ја проследија вкупно 20 лица.

За правилно и соодветно обезбедување на параправната помош, како и задоволување на тековните потреби на локалното ромско населени, ЕСЕ во соработка со ангажираните обучувачи од областа на здравствена заштита и здравствено осигурување подготвија Прирачник обезбедување на овој вид на помош.

Во втората половина на 2011 година се спроведе втората обука за основната група на лица кои ќе обезбедуваат параправна помош - параправници. Обуката се одржа во временскиот период 05- 06 ноември, 2011 година во хотел Best Western, Скопје.Покрај групата на параправници на обуката присуствуваа и координаторите кои се одговорни за спроведување на проектните активности во двете партнерски ромски организации, претставници од ЕСЕ и обучувачите. Содржината на обуката и начинот на нејзино спроведување имаа за цел практично применување на веќе стекнатото знаење на парапрваниците во конктерни случаи на помош и поддршка на ромската заедница со помош на обучувачите кои имаат долгогодишно искуство на полето на здравствена заштита и здравствено осигурување.

1.4. Воведување на програма за параправна помош

Процесот на воведување на програмата за параправна помош вклучуваше преземање на активности кои од организацикси аспект преставуваат создавање на претпоставки за успешно обезбедување на параправната помош, односно утврдување на принципите и начините на работа на програмите.

За потребите на воведување на програмата за параправна помош од страна на ЕСЕ беа подготвени формулари и база на податоци кои имаат за цел водење на евиденција и соодветно функционирање на програмата. Имено, беа подготвени следните формулари: почетен формулар, примени клиенти и листа за присуство. Првите два формулари имаат за цел континуирано водење на евиденција за клиентите кои побарале и добиле помош од страна на програмата за параправна помош, додека третиот е административен формулат во кој се води евиденција за присуство и работа на прапарваниците при обезбедување на помош и поддршка. Од суштесвено значење за работењето на програмите за параправна помош е секако почетниот формулар кој ги содржи следните рубрики/податоци: општи податоци за клиентите (име и презиме, пол, возраст, националност, брачен статус, број на деца, место на живеење, контакт телефон и информација за поседување на здравствено осигурување); основ по кој остварува право на здравствено осигурување (поединечно по основи); примања и износ на примања; датум и име и презиме на параправник кој го примил клиентот; опис на проблемот; повредено право (парава на пациенти поединечно, права од здравствено осигурување и стручност во изведување на здравствената услуга или на исходот на лекување кој го поврзува со начинот на укажување на услугата на здравствените работници); даден совет и дадено упатување за остварување на правата/предмет на наш интерес. Содржината на споменатите формулари и подготвената база на податоци беше презентирана во текот на една од сесиите на втората обука за параправници.

Подготвената база на податоци која ги содржи истите информации како и почетниот формулар беше инсталирана од страна на ЕСЕ за време на консултативните состаноци одржани со двете ромски организации. При инсталирањето на базата, на параправниците им беа повторно дадени практични инструкции во врска со внесот на информациите во истата. Покрај идентичните содржини со почетниот формулар, базата на податоци содржи дел кој се однесува на сумирање на внесените информации/податоци во кратки извештаи кои претставуваат можност за добивање кратки прегледи на случаите според одредени параметри.

За потребите на работење на параправаната програма од страна на ЕСЕ беше подготвен формулар за подготовка на перидоични извештаи (тримесечни извештаи).

1.5. Функционирање на програмата за параправна помош

Програмата за параправна помош која ја спроведуваат партнерските ромски организации опфаќа три вида на активности:

*1.5.1. Обезбедување на параправна поддршка*

Параправната помош и поддршка се обезбедува од страна на основната група на параправници која ја сочинуваат: Ромина Кајтазова (КХАМ, Делчево); Санела Абдулова (КХАМ, Делчево); Денис Ибраим (ЦДРИМ, Скопје);Бајрамша Демир (ЦДРИМ, Скопје); Орхан Ибраим (ЦДРИМ, Скопје) и Ахмет Зекир (ЦДРИМ, Скопје).

Одбраната група на лица започна со својата работа од месец јули, 2011 година, односно со тоа започна да функционира и програмата за обезбедување на параправна помош. Во периодот

јули и август, 2011 година овие лица активно учествуваа во подготовка на плановите за спроведување на информативните и едукативните активности, но што е уште побитно се запознаа со едукативните материјали кои ги добија во текот на почетната обука и на координативниот состанок со партнерските организации организиран на 13.07.2011 година. Исто така параправниците се запознаа со новините кои се однесуваа на пререгистрација на невработените лица со цел да се стекнат со здравствено осигурување кое се спроведуваше во периодот јуни, јули и август.

Со цел утврдување на план за работа за првите три месеци од функционирање на програмата за обезбедување на параправна помош, ЕСЕ и ромските партнерски организации одржаа координативен состанок на ден 13.07.2011 година во ГЕМ клубот, Скопје. На средбата беа утврдени претстојните активности и ангажманот на одбраната група на параправници. На состанокот присуствуваа координаторите на овој проект од двете ромски организации и двајца преставници на ЕСЕ. Планираните активности за секоја од подолу наведените активности ќе биде детално опишана под секоја од нив.

Во периодот јули – август, 2011 година КХАМ понуди помош и поддршка на 34 лица, кои се однесувале на пререгистрација на здравственото осигурување, додека ЦДРИМ согласно на претходно договорените активности во овој период не обезбедуваше параправна помош и поддршка.

Согласно на податоците добиени од страна на партнерските организации во текот на месец октомври, ноември и декември, 2011 година, параправниците во Делчево обезбедија помош и поддршка на вкупно 46 лица. Од вкупно 46 лица кои се обратиле, на 34 им е пружена помош во однос на пререгистрација и аплицирање за здравствена електронска картичка, четири лица се упатени и придружувани до здравствени институции, за две лица се поднесени барања за информации, комплетирани се документи за мајка и две деца (лична карта, изводи за родени и здравствени книшки),   комплетирани се документи за нега и рефундирање на средства за лекови од позитивната листа и на четири пензионери им е пружена помош во однос на аплицирање за добивање на електронска здравствена картичка.

Во истиот период параправниците во Шуто Оризари обезбедија помош и поддршка во вкупно 104 случаи. Од вкупно 104 лица кои се обратиле за помош, на 89 лица им е даден правен совет, 135 лица се упатени да се обратат во здравствените институции, додека на едно лице му е обезбедена помош во однос на комплетирање на документација за аплицирање за постојана социјална помош.

*1.5.2. Активности за информирање и промовираат на обезбедувањето на параправна помош по принципот „од врата до врата“,*

Овие активности имаат  за цел  информирање на ромското население за обезбедување на параправната помош и поддршка. Овие активности се спроведуваат од страна на одбраната група на параправници. Имено, во секоја од ромските заедници параправниците во групи од по двајца ги посетуваат ромските домаќинства според претходно утврден план.

Имајќи предвид дека програмата за обезбедување на параправна помош започна со реализација во јули, 2011 година, во првиот три месечен план за работа беше утврдено ромските организации да подготват план за спроведување на овие активности, како и да ги идентификуваат здравствените установи на нивно подрачје со цел проширување на спроведувањето на информативните активности во нивните заедници.

Во општина Делчево овие активности беа спроведени во месец декември, односно параправниците спроведоа активност по принцип ,,од врата до врата,, со што беа поделени

околу 200 летоци. Во рамките на овие активности беа залепени подготвените постери на видни места во заедницата,во Здраственеиот дом, матичните лекари и аптеките во градот Делчево. Во општина Делечво идентификувани се сите здравтсвени институции со кои организацијата КХАМ активно соработува и каде се дистрибуирана рекламни материјали (летоци и постери) за услугите кои ги нуди програмата за параправна помош и подршка. Во Делечево соработка е воспоставена со следните здравствени институции:

Во општина Шуто Оризари информативните активности беа спроведени во тек на месец декември. Подготвените информативни летоци дистрибуирани се на по домовите, на пазарот во населбата и во центарот на населбата, каде има најголема фреквенција на локалното население. Постерите се истакнати на видни места во населбата, односно јавните и приватните здравствени институции, во двете основни училишта и во продавниците кои се лоцирани на главната улица во населбата.

За спроведување на информативните активности, а по претходна консултација со вклучените партнерски организации ЕСЕ подготви летоци и постери кои имаат за задача промовирање на мандатот на параправните програми и приближување на предметот на работа до поширокатa јавност. Содржината на летокот и постерот беше подготвена во активна соработка со параправниците кои дадоа корисни насоки и забелешки во однос на поедноставување и соодветно доближување на нашата работа до локалното население. Летокот и постерот беа подготвени во текот на ноември и декември 2011 година. Беа испечатени 5000 летоци и 300 постери. Печатениот информативен материјал беше дистрибуиран на партнерските организации во следниот обем: КХАМ 1500 летоци и 50 постери и ЦДРИМ 2500 летоци и 100 постери.

*1.5.3. Спроведување на едукативни активности со цел запознавање на ромското население со здравствени прашања од интерес за заедниците и правото на здравствена заштита (вклучувајќи ги правата за заштита на пациентите)*

Овие активности имаат за цел да ја зголемат свесноста меѓу ромското население за специфични здравствени прашања кои се релевантни за ромската заедница (деца, жени, мажи, хендикепирани лица, стари лица и други ранливи групи). Дел од едукативните активности беше предвидено да се однесуваат на заштитата на правата на пациентите вклучувајќи дополнителни информации за функционирањето и поддршката што ќе ја нудат програмите за параправна помош.

Имајќи предвид дека програмата за обезбедување на параправна помош започна со реализација во јули, 2011 година, во првиот три месечен план за работа беше утврдено ромските организации да подготват листа на теми, односно прашања од областа на здравствена заштита на ромското население кои се релевантни за нив и кои ќе придонесат кон надминување на одредени здравствени состојби.

Во 2011 во општина Делчево беа спровени три едукативни работилници. Првата работилница се однесувала на обврската за пререгистрација на здравственото осигурување и аплицирањето за електронска здравствена картичка, на втората работилница биле промовирани правата на пациентите и механизмите за нивна заштита, додека на третата работилница била презентирана работата на службата за итна помош во општина Делчево. Во општина Шуто Оризари била одржана една работилница на која бил презентиран системот за здравствена заштита, правата од областа на здравствена заштита и правата од областа на здравственото осигурување.

**Позначајни постигнувања:**

- подготвен прашалник за утврдување на состојбите по однос на спроведување на правата на пациенти и обучени анкетари за спроведување на анкетата;

- утврден степенот на остварување на правата на пациентите во општина Шуто Оризари и Делчево преку спроведен анкетен прашалник во двете заедници;

- идентификувана поширока група од десет лица за обезбедување на параправна помош и одбрана група од шест параправници за обезедување на овој вид на помош;

- зголемени знаењата и вештините на пошироката група на параправници по однос на концептот за параправна помош здравјето; основната поставеност на здравствениот ситем; правата од областа на здравствената заштита; здравственото осигурување и заштита на права на пациенти преку спроведување на почетна обука и една континуирана обука;

- подготвен Прирачник за обезбедување на параправна помош и упатство за институциите и постапувањето во системот за заштита, вклучувајќи различни видови на обрасци/видови поднесоци за остварување и заштита на правото на здравје;

- подготвен систем за водење на евиденција и прибирање податоци на програмите за параправна помош (формулари и база на податоци);

- подготвен, испечатен и дистрибуиран леток (5000 примероци) и постер (300 примероци) за запознавање на ромското население со помошта која ќе се нуди во рамките на програмите за параправна помош;
- обезедена параправна поддршка во 184 поединечни случаи;

- спроведени три едукативни тркалезни маси за запознавање на ромското население со прашања од интерес поврзани со здравствената заштита, здравственото осигурување и заштита на права на пациенти и

- одржани две консултативни средби со партнерските организации.

- одржани две средби на Координативното тело за следење и евалуација на спроведување на проектот.

## IV. Четврта програмска компонента: Активности за прибирање на средства во насока на развивање на филантропија

Долгогодишното искуство на ЕСЕ во делот на комуникација и развивање на соработка со компании во насока на заедничко унапредување на состојбите во општеството покажува дека посветеност кон своите соработници и нудење на можност за нивно директно вклучување во планирање, организација и реализација на одредени настани и проекти донесува позитивни резултати. Во овој период остваривме директна соработка со вкупно 13 компании, од кои 11 се нови соработници, 2 се постојани соработници и 2 потенцијални идни соработници.

Како позначајни активности кои би сакале да ги истакнеме, а кои беа реализирани во текот на 2011 година се:

Кампањата за борба против остеопорозата под **наслов „Не дозволувајте Вашите коски да стареат побргу од Вас! Кажи стоп на остеопорозата сега!“**

Со цел за успешно спроведување на кампањата за борба против остеопорозата, беа спроведени активности за развивање на корпоративна филантропија. Дел од кампањата беше обезбедување на бесплатни бондензитометриски прегледи за рано откривање на остеопорозата за 50 жени, кои доаѓаат од семејства со ниски финансиски примања. За да се обезбедат финансиски средства за прегледите беа контактирани две претпријатија и тоа КЕНДИ Фарма ДООЕЛ и Првата приватна општа болница Ремедика. Покрај тоа што и двете претпријатија се претходни партнери на ЕСЕ, истите беа контактирани поради нивниот потенцијален интерес за учество во кампања за остеопороза. Имено КЕНДИ Фарма ДООЕЛ е дистрибутер на препаратот „Остеовитал“, кој се користи за превенција и третман на остеопорозата, додека Приватната општа болница Ремедика, како дел од своите здравствени услуги ги нуди и бондензитометриските прегледи за навремено откривање и следење на остеопорозата. При обезбедувањето на донациите беа искористени и поволностите за даночни поттикнувања кои ги нуди Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности. Со цел за обезбедувања на донациите беше подготвен нацрт текст за содржините и активностите на кампањата кој им беше доставен на двете претпријатија.

Со цел да се добие поголема медиумска поддршка на самата кампања, беше контактиран електронскиот медиум Телевизијата 24 Вести, како нов партнер на ЕСЕ. Телевизијата прифати да биде медиумски покровител на настанот, како настан од јавно значење.

За спроведување на кампањата како нов партнер беше контактирано и студиото за танц Спорт Денс Нова, со цел да се направи промоција на потребата од физичка активност за превенција на остеопорозата.

По остварените контакти со партнерите, истите се согласија да учествуваат во кампањата и да ја поддржат истата. При тоа КЕНДИ Фарма ДООЕЛ одобри финансиски средства во износ од 50.000,00 денари, со кои беа обезбедени бондензитометриски прегледи за 20 жени, а дополнително донираа и 80 пакувања на Остеовитал за жените кои земаа учество во кампањата, со приближна вредност од 7.200,00 денари. Од тоа може да се заклучи дека за реализирање на камањата КЕНДИ Фарма ДООЕЛ донираше вкупно 57.200,00 денари. Приватната општа болница Ремедика, исто така одобри финансиски средства во износ од 50.000,00 денари со кои беа обезбедени бондензитометриски прегледи за 20 жени. Приватната општа болница Ремедика исто така бесплатно обезбеди едукатор за едукативниот настан за остеопороза, што може да се процени на приближна вредност од 2.000,00 денари. Телевизијата 24 Вести овозможи бесплатно емитување на рекламен спот за кампањата во

траење од 35 секунди, кој се емитуваше 18 пати на телевизијата, што значи дека телевизијата бесплатно отстапи рекламен простор во вкупно времетраење од 10,5 минути, што значи дека според цените за рекламен простор Телевизијата 24 Вести донираше средства во износ од 30.945,00 денари.

Студиото за танц Спорт Денс Нова зема учество во кампањата, при што одобри еден инструктор по танц бесплатно да им одржи еден час по латино танц на жените кои дојдоа на предавањето за остеопороза. Според цената на одржан час, студиото Спорт Денс Нова за кампањата донираше средства во приближна вредност од 1.000,00 денари.

Од горенаведеното може да се заклучи дека преку филантропските активности Здружение ЕСЕ за спроведување на кампањата за остеопороза, обезбеди средства во износ од 141.145,00 МКД.

За спроведување на кампањата Здружение ЕСЕ контрибуираше и со свои средства. Вкупно во целата кампања Здружение ЕСЕ учествуваше со сопствени средства во износ од 78.663,50 денари. Овие средства беа потрошени за следните намени: надомест на простор за конференција за печат и едукативен настан во износ од 6.126,50 денари; трошоци за освежување на едукативниот настан, како и на настаните за презентација на резултатите и советување на жените кои беа на бондензитометриските прегледи во износ од 11.982,00 денари; обезбедување на бондензитометриски прегледи за 10 жени во износ од 25.000,00 денари; трошоци за подготовка и снимање на рекламен спот за промоција на кампањата во износ од 7.775,00 денари; трошоци за оглас (објава во весник) за промоција на кампањата и за пријавување на жените за бесплатните прегледи во износ од 8.664,00 денари; трошоци за подготовка и печатење на лифлет за промоција на кампањата со едукативна содржина за остеопороза во износ од 19.116,00 денари.

**<u>Новогодишна забава</u>**

Здружението за еманципација солидарност и еднаквост на жените на РМ започна со организација на Новогодишната забава во месец октомври, 2011 година. Во текот на месец октомври, ноември и декември, 2011 година беа поднесени вкупно 44 барања до 44 компании од кои се бараше донација на дел од нивниот асортиман, а кој ќе се искористи за подготовка на новогодишни пакетчиња за децата на жртвите на семејно насилство. Барањата беа поднесени по пат на електронска пошта на официјалните е – маил адреси на потенцијалните донатори.

Од 44 поднесени барања, девет- 9 компании и институции се вклучија во помагање на реализацијата на Новогодишната забава од кои беа прибрани средтва во износ од 73.300,00 денари.

За организирање на Новогодишната забава ЕСЕ обезбеди средства во износ од 49.262,00 МКД. Овие средства беа наменети за набавка на: лектири, боенки и сликовници во износ од 6.540,00 МКД, елка и новогодишни украси 3510 во износ од 6.200,00 МКД, чоколади, смоки, чоколадирани наполитанки и Солени стапчиња во износ од 10.590,00 МКД, озвучување на настанот во износ од 4.682,00 МКД, коктел колачи, сокови за освежување и грисини во износ од 3.214,00 МКД, кеси за новогодишни пакетчиња во износ од 4.130,00 МКД, Дедо мраз во износ од 3.443,00 МКД и останати трошоци во износ од 10.463,00 МКД. Овие средства се обезбедено од ЕСЕ, преку програмата на CIVICA Mobilitas имплементирана од Центарот за

институционален развој и финансиски поддржана од Швајцарската Агенција за развој и соработка.

**Позначајни постигнувања:**

- Организирана и спроведена кампања за остеопороза “Не дозволувајте Вашите коски да староат побргу од Вас! Кажи стоп на остеопорозата СЕГА!”;

- преку филантропските активности Здружение ЕСЕ за спроведување на кампањата за остеопороза, обезбеди средства во износ од 141.145,00 МКД;

- Организирана и спроведена Новогодишна забава;

- за организрање на Новогодишната забава ЕСЕ обезеди 73.300,00 МКД од донации и 49.262,00 МКД обезбедено од ЕСЕ, преку програмата на CIVICA Mobilitas имплементирана од Центарот за институционален развој и финансиски поддржана од Швајцарската Агенција за развој и соработка;

- Остварена директна соработка со вкупно 13 компании, од кои 11 се нови соработници, 2 се постојани соработници и 2 потенцијални идни соработници;

- Опфатени 115 лица со активностите спроведени во двата настани за развој на филантропија.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ
# ЗА ПЕРИОДОТ
# ЈАНУАРИ 2011 – ДЕКЕМВРИ 2011

# Приходи за 2011

| Приходи по основи | Износ во МКД |
|---|---|
| 1. Пренесени средства од претходна година | 4.251.659 |
| 2. Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 10.447.384 |
| 3. Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 45.045 |
| 4. Други приходи | 5.053 |
| Вкупен приход | 14.749.141 |
| Остаток за наредна програмска година (2012) | 7.547.167 |

| **Приходи по основи и донатори** | **износ во МКД** |
|---|---|
| **Приходи од грантови и договори за соработка** | |
| ЦИРа (CIVICA Mobilitas) | 1.735.625 |
| ФООМ (Фондација отворено општество Македонија) | 7.271.609,50 |
| CNV (Национална федерација на синдикати – Холандија) | 1.030.377,50 |
| Network of European Foundations | 181.917 |
| Студиорум | 157.355 |
| **Приходи од членарини** | 10.500 |
| **Приходи од донации од правни и физички лица** | 60.000 |
| **Вкупно** | **10.447.384** |

# Преглед на реализирани трошоци за 2011

| Основ | износ во МКД |
|---|---|
| Програмски и оперативни трошоци | 3.463.595 |
| Плати | 3.352.909 |
| Капитални расходи | 385.470 |
| **Вкупно** | **7.201.974** |